Врз основа на член 31 од Статутот на Јавното комунално претпријатие Сопиште и член 37-м од Законот за јавни претпријатија ( Службен весник на РМ бр. 38/96; 6/02; 40/03;49/06; 22/07;83/09; 97/10; 6/12; 119/13; 41/14; 138/14; 25/15; 61/15; 39/16; 64/18; 35/19), Директорот на Јавното комунално претпријатие Сопиште на ден 23.07.2019 година донесе:

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDERMARRJA KOMUNALE PUBLIKE
СОПИШТЕ - SOPISHTË
Бр.-Nr. 04-176/6
23.07.2019 год.-viti
Сопиште - Sopishtë

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на давател на јавна услуга**

Член 1

За работното место Работник за собирање на отпад во Административно стручна служба - Оддел за собирање и транспортирање на комунален цврст отпад, шифра на работно место КДР/03/05/В02/021, во подгрупата даватели на јавна услуга се избира лицето Драган Петревски.

Член 2

Именуваното лице ќе биде вработено на работното место од член 1 на оваа Одлука по конечноста на Одлуката за избор и со потпишување на Договор за вработување.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

Комисијата за селекција во постапка за вработување на неопределено време на давател на јавна услуга, формирана со Решение бр. 03-176/2 од 03.07.2019 година, во функција на спроведување на постапка за вработување на давател на јавна услуга од член 1 на оваа одлука, а по објавен оглас бр. 02/2019 од 03.07.2019 година во дневните весници „Вечер“, „Нова Македонија“ и „Лајм“, спроведе постапка согласно Законот за јавни претпријатија.

Согласно резултатите од сите фази во постапката за вработување, Комисијата за селекција на ден 22.07.2019 година до Директорот на Јавното комунално претпријатие Сопиште достави предлог одлука за избор на пријавениот кандидат Драган Петревски.

Врз основа на предлог одлуката, Директорот одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука. .

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право жалба преку Јавното комунално претпријатие Сопиште до Управниот одбор на јавното претпријатие во рок од 8 дена од денот на приемот на решението, односно нејзиното објавување на интернет страната на Општина Сопиште.

В.Д. Директор
Сашо Јовевски

Доставено до:
1. Избраниот кандидат
2. Архива
3. Сметководство